Архивски број: 08-488/1
Датум: 22.05.2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-692/1 од 25.9.2025 година, поднесена од ----- против -----, за заштита од дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКИРМИНАЦИЈА** од страна на ----- на Република Северна Македонија кон -----, врз основа на образование во областа на работата и работните односи.

**Образложение**

На 25.9.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од ----- против ----- за заштита од дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителот наведува дека подносителот, како професор на Универзитетот Климент Охридски – Битола (УКЛО), конкурирал на јавен повик за избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, распишан од страна на -----. Оттука, поради фактот што истиот не бил избран, тој смета дека одлуката за предлог членови е дискриминирачка. Во оваа насока, наведува дека пред одржувањето на изборот, ректорот на Универзитетот јавно изјавил дека „Во Националниот совет на УКЛО му припаѓа 1 место (според бројот на студенти), колку и на Универзитетот „Гоце Делчев“ и Државниот Универзитет – Тетово. Местата согласно повикот се распоредуваат по научни подрачја. Согласно ставовите на последната Интеруниверзитетска ректорска управа, на УКЛО веројатно ќе му припадне подрачјето 4 – земјоделски и ветеринарни науки“. Оттука, подносителот на претставката смета дека согласно ваквата изјава, на кандидатите од УКЛО кои не припаѓаат на подрачјето на земјоделски и ветеринарни науки им е однапред ограничено правото на еднакво учество во изборниот процес, бидејќи на Универзитетот му било „доделено“ само едно место и само едно подрачје, независно од индивидуалните квалитети и научната област на кандидатите.

Во продолжение на претставката, истата е образложена со тоа што е наведено дека ваквата практика претставува индиректна дискриминација по основ на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

институционална припадност (универзитет), поради што подносителот смета дека кандидатите не се оценуваат според научни и стручни критериуми, туку според неформален принцип на „едно место по универзитет". Оттука, подносителот смета дека кандидатите од истиот универзитет, но од различни научни подрачја, се ставени во нерамноправна положба во однос на кандидати од други универзитети.

Во прилог на претставката подносителот доставува копија од известување од страна на ректорот на УКЛО, како и одлуката за предлог на членови на Националниот совет.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 14.11.2025 година испрати Известување бр. 08-692/4 за произнесување по наводите од претставката до ----- на Македонија.

На ден 2.12.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено произнесување бр. 08-692/5, поднесено од страна на Претседателката на ----- на Република Македонија, -----. Оттука, во предметниот поднесок се наведува дека Изборот на член на Националниот совет за високото образование и научно – истражувачка дејност и другите тела се врши согласно Законот за високото образование, при што во произнесувањето се повикува на член 42 став 1, алинеи 1 и 2, каде е определено од кои шест научно истражувачки полиња ----- и Владата на РСМ определуваат членови за Националниот совет и тоа:

"(1) Националниот совет е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Македонија и тоа:
- шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија, кои се избираат на предлог на ----- со тајно гласање, при што секој од нив е од различно научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација (природно-математички науки; техничко-технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки),
- шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија, кои се избираат на предлог на Владата на Република Македонија, при што секој од нив е од различно научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација (природно-математички науки; техничко-технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки)."

Понатаму, во поднесокот се наведува дека со чл. 23, ст. 1, алинеја 1 од Статутот на ----- бр. 19-1010/2 од 06.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 е утврдено дека ----- предлага до Собранието на РСМ 6 (шест) члена на Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност од редот на професорите, соодветно на застапеноста на универзитетите според нивното учество во вкупниот број на прв пат


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

запишани студенти во студиска година, по претходно спроведена постапка за избор по јавен повик, при што мора да има најмалку по еден член од редот на професорите од секое од шесте научноистражувачки полиња од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација (природно-математички науки, техничко-технолошки науки, медицински науки и здравство, земјоделски и ветеринарни науки, општествени науки и хуманистички науки.

Во поднесокот се наведува дека според официјалните статистички податоци објавени во МАКСТАТ базата на Државниот завод за статистика за вкупен број на редовни студенти прв пат запишани во студиска година на додипломски студии за учебната 2024/2025 година, на УКИМ во Скопје му припаѓаат 3 места, а на УКЛО во Битола, на УГД во Штип и на ДУТ во Тетово по 1 место, односно вкупно 6 места кои ги предлага -----. Имајќи ги предвид податоците од МАКСТАТ базата и начинот на распределбата на местата во Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност, во поднесокот се истакнува дека ваквата одлука на ----- е донесена врз основа на принципот на рамноправност, еднаквост и компетентност. Во спротивно, доколку би се применил само принципот на компетентност, постои реална опасност само еден универзитет да биде доминантно застапен во сите органи предвидени со Законот за високото образование, вклучително и -----.

Натаму, во поднесокот за произнесување се наведува дека конкурсот бил објавен без однапред извршена поделба на научно истражувачките полиња од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација меѓу универзитетите, а при изборот се водело сметка и за компетенциите на кандидатите, а воедно и секој избран кандидат да биде од различно научно истражувачко поле од прво ниво, при тоа 3 кандидати да се од УКИМ, а по 1 од УКЛО, УГД и ДУТ. Оттука, во произнесувањето се истакнува дека ----- не извршила директна или индиректна дискриминација, бидејќи со изборот се извршила поделба на научно истражувачките полиња од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација меѓу универзитетите, а при тоа не се влијаело воопшто на изборот на пријавените кандидати, со кои уредно се спровело интервју, како што наведува и подносителот на претставката. Според наводите од поднесокот за произнесување, поинаку би било кога би постоело влијание или дискриминација во однос на изборот меѓу веќе пријавените кандидати. Оттука, врз основа на наведеното во поднесокот, претседателката на ----- предлага претставката на подносителот да биде одбиена како неоснована.

Ценејќи ги наводите и доказите од претставката и поднесокот за доуредување на претставката на подносителот, наводите од поднесоците за произнесување на потенцијалните дискриминатори, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека во конкретниот случај не била извршена дискриминација врз подносителот врз основа на образование во областа на работата и работните односи од страна на членовите и претседателката на -----.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Имено, од утврденото произлегува дека во случајот не е идентификуван нееднаков третман, ниту понеповолно или различно постапување кон подносителот во споредба со останатите кандидати кои се пријавиле на јавниот повик за избор на членови од ----- во Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност.

Воедно, во поднесокот за произнесување на претседателката на ----- образложена е објективната оправданост и пропорционалност на распределувањето на местата на членовите од ----- во Националниот совет, поделени по научно истражувачки полиња од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација и по број на места, согласно вкупен број на редовни студенти прв пат запишани во студиска година на додипломски студии за учебната 2024/2025 година.

Подносителот во претставката не го прави веројатно тврдењето дека уште пред објавувањето на јавниот конкурс однапред извршена поделба на научно истражувачките полиња меѓу универзитетите. Дополнително, компараторот кој го посочува подносителот е несоодветен, бидејќи избраната членка од ДУТ во Тетово, никако не влијае на изборот на член од УКЛО во Битола. Подносителот е редовен професор на УКЛО во Битола, универзитет на кој му припаѓа едно место во Националниот совет, по предлог на ----- и за тоа место, во компетитивен процес конкурираат само професори од УКЛО, од различни научно истражувачки подрачја. Оттука, соодветен компаратор во конкретниот случај би биле останатите професори од УКЛО кои конкурирале на јавниот оглас, како подносителот.

За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторската основа и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа. Во конкретниот случај подносителот наведува дека основа за дискриминацијата е неговото образование, но не прави јасна причинско последична врска помеѓу неговото образование како заштитна карактеристика и фактот дека не бил избран за член на Националниот совет со предлог на -----, како потенцијална повреда. **Во недостаток на врската помеѓу дискриминаторска основа и повредата, како и во отсуство на докажано понеповолно постапување и недостаток на компаратор не може да стане збор за дискриминација.**

Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***на еднаква основа со други.*** *Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk